Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

# Извадок на дел од дневни настани 04.07.2020

На 03.07.2020 бо 20.40 часот на подрачје на Бита Пазар од полициски службеници од СВР Скопје бил лишен од слобода К.Л.(23) од Скопје бидејќи кај него била пронајдена марихуана. По целосно докумнетирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 03.07.2020 во 14,20 часот во СВР Охрид било пријавено дека на ул.„Кеј Македонија" во Охрид од водите на Охридското Езеро било извлечено безживотно тело на С.Ј.(49) од Охрид. Од екипа од итна медицинска помош бил извршен преглед и реанимација на давеникот по што била констатирана смрт. За настанот е известен јавен обвинител. На местото на настанот увид извршила екипа од СВР Охрид при што било констатирано дека С.Ј кој бил под дејство на алкохол, и околу 14,00 часот заедно со уште три лица влегол во водите на Охридското Езеро, но по кратко време лицата забележале дека С.Ј. не излегол од вода по што го пронашле и го извлекле од вода. По наредба на јавен обвинител телото на починатиот е предадено за обдукција.

На 03.07.2020 околу 15,30 часот на локалниот пат с.Брњарци-с.Стајковци, скопско се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко моторно возило "Ауди А4" со скопски регистарски ознаки управувано од 17 годишен малолетник од с.Арачиново и патничко моторно возило "Опел астра" со скопски регистарски ознаки управувано од М.Т.(20) од Скопје. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобила сопатничката М.Ј. во патничко моторно возило "Ауди А4" која со возило на итна медицинска помош била пренесена во Комплекс клиники "Мајка Тереза" за укажување на лекарска помош. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје.

На 04.07.2020 околу 00.20 часот во Полициска станица Карпош, А.К.(24) од Скопје пријавил дека на ул."Московска" бил каснат од куче скитник.

На 03.07.2020 во 20.20 часот во ОВР Кавадарци, Д.С.(58) од Ваташа,Кавадарци пријавила дека истиот ден околу 17.15 часот на ул. "Диме Чекоров" во Ваташа, Кавадарци во нејзиниот двор од семејна куќа, по претходна расправија била физички нападната со дрвен предмет од нејзините соседи Б.П. и неговата сопруга Б.П. која и упатувала навреди и закани. Од нападот пријавителката се здобила со повреди. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 03.07.2020 во 20,20 часот во СВР Скопје било пријавено дека во круг на училиште на ул. "Призренска", дошле три непознати лица со патничко моторно возило "фолксваген туран" со непознати регистарски ознаки и истите започнале да ги малтретираат А.К.(18) и двајца 15 годишни и еден 17 годишен малолетник, а потоа физички нападнале други 15 и 16 годишни малолетници нанесувајќи им повреди. По ова од непознатите лица биле испукани 2-3 куршуми во воздух од пиштол, по што напаѓачите го напуштиле местотот. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје при што била пронајдена и подигната една чаура. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 03.07.2020 во 18,30 часот во СВР Скопје, 54 годишен маж од Скопје пријавил дека во с.Говрлево додека ги напасувал неговите овци забележал како три овци движејќи се покрај патот паднале и при обид да ги извлече се здобил со мал струен удар без последици, при што пријавителот забележал бакарна гола жица закачена на бандера за струја во дворно место од викенд куќа сопственост на Т.Т.(58) од Скопје. Од екипа од ЕВН било констатирано дека е извршена кражба на електрична енергија и дека голата бакарна жица била под напон од електрична енергија, по што електричната енергија била исклучена, а документирана кражба на електрична енергија. Увид на местото на настанот ќе изврши екипа од СВР Скопје во текот на денешниот ден.

На 03.07.2020 полициски службеници од СВР Тетово ја пронашле М.И.(16) од с.Чегране, Гостивар, која на 02.07.2020 година во 20.10 часот од нејзиниот татко И.И.(51) од Гостивар била пријавена дека се оддалечила од домот.

На 03.07.2020 околу 12,00 часот во СВР Тетово било пријавено дека на автопат Гостивар- Тетово, во близина на клучка Жеровјане, додека Х.Џ.(29) од с.Д.Бањица,Гостивар управувал патничко моторно возило"Јагуар" со гостиварски регистарски ознаки настанал пожар во делот кај моторот, при што возилото било целосно опожарено. Пожарот е изгаснат од противпожарната единица Тетово. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Тетово.

На 03.07.2020 во СВР Скопје, Б.К. од Скопје пријавил дека во гаражата, односно на кровот од возило "Опел зафира" нашол испукано зрно од пиштол кое што го пробило кровот од гаража и паднало на паркираното возило и го набило кровот од истото. Зрното е предадено на полициски службеници од Полициска станица Драчево за понатамошна постапка. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 03.07.2020 во 17,15 часот во Полициска станица Куманово, М.И.(63) од Куманово пријавил дека на 02.07.2020 околу 14.30 часот на бул. "Октомвриска Револуција" во Куманово по претходна расправија за паркирање со И.И.(34) од Куманово бил физички нападнат од две непознати лица кои го напуштиле местотот на настанот, а пријавителот со дрвена безбол палка му го искршил задното стакло на возилото на еден од напаѓачите. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 03.07.2020 во 15,25 часот во Полициска станица Куманово, Б.М.(47) од Куманово пријавил дека околу 14,00 часот кај Културниот Дом во Куманово неговиот 14 годишен син по претходно недоразбирање бил физички нападнат од Н.С. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 03.07.2020 околу 12.00 во СВР Куманово било пријавено дека во с.Псача, кривипаланечко на место викано „Рашка Река" при вршење градежни активности на експресен пат Ранковце- Крива Паланка, З.Ј.(46) од Крива Паланка, вработен во градежна фирма која ги извршува градежните работи пронашол експлозивна направа - минофрлачка мина. Увид на местото на настанот извршила екипа од Полициска станица Крива Паланка и пронајдената мина е предадена на пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување Куманово.

На 04.07.2020 во 02,00 часот во СВР Куманово, Д.С.(24) од Скопје пријавил дека околу 00,40 часот додека се движел со своето патничко моторно возило„џета" со скопски регистарски ознаки заедно со својата девојка ,по локалниот пат Куманово-Скопје, во с.Љубодраг биле престигнати од патничко моторно возило "Поло" каде во с.Ново Село од истото возило излегле четири непознати лица со бејзбол палки и сакале физички да го нападнат, по што пријавителот им се легитимирал дека е полициски службеник и лицата со возилото влегле во едно од дворните места во селото. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 03.07.2020 во 21.00 часот во Полициска станица Струга, М.А. пријавила дека околу 19.00 часот на ул Скопска, во Струга по претходна расправија била физички нападната од нејзините соседи Н.Н. и М.Н. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 03.07.2020 во 23.30 часот во Полициска станица Битола, А.О. од Битола пријави дека во Битола по претходна расправија бил физички нападнат од Л.Р. и Е.Р. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 03.07.2020 во 19.32 часот во СВР Штип, Д.М.(26) од с.Злетово,Пробиштип пријавил дека во с.Злетово по претходна расправија бил физички нападнат со шипка од Д.С. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 04.07.2020 во 01.50 часот во СВР Штип било пријавено дека во близина на бензинската помпа во Виница, А.К., А.М. и А.Ј. сите од Кочани физички ги нападнале Г.М.(33) од Виница и М.В.(23) од с.Лески, Виница. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 03.07.2020 во 23.00 часот во СВР Струмица, 45 годишен маж од Радовиш пријавил дека неговата 14 годишна ќерка излегла од домот во Радовиш и не се вратила при што се сомнева дека истата има заминато со лицето Ф.Ш. од Радовиш и дека врз истата е извршено полово дејствие бидејки се уште нема наполнето 14 години. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 03.07.2020 во 20.20 часот во Полициска станица Неготино, Ѓ.В.(52) од с.Тимјаник пријавил дека во место викано„Бели Брест" во близина на неговиот лозов насад од страна на Ј.М. сожител од с.Тимјаник бил пронајден неговиот дедо С.Р.(70) од с.Тимјаник со превртен трактор без знаци на живот. На местото на настанот излегла увидна екипа од Полициска станица Неготино и доктор од итна медицинска помош Неготино при што констатирале дека при излегување од нива кон колскиот пат со мала удолница тракторот се превртел, и С.Р. бил потиснат од возилото. Од доктор биле констатирани повреди од кои лицето починало. За настанот е запознаен јавне обвинител.

На 03.07.2020 во 21,45 часот во с.Камењане од полициски службеници на Полициско одделение Камењане бил лишен од слобода Д.М.(42) од с.Камењане а постапувајќи по предходно пријава на 40 годишна жена од с.Боговиње дека врз нејзе е извршено семејно насилство од Д.М. со кој што живееле заедно. Имено, според пријавата околу 17.45 часот Д.М. кој бил во алкохолизирана состојба по претходна расправија физички ја нападнал пријавителката. Од доктор во Клиничкиот центар Тетово на пријавителката и биле констатирани тешки телесни повреди. По целосно документирање на случајот против пријавениот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 04.07.2020 во 01.30 часот на ул. "Љубо Божиновски Пиш" во Тетово од страна на полициски службеници од СВР Тетово биле лишени од слобода К.Б.(30), С.Ј.(25), П.С.(21), М.Н.(28), Б.С.(26),Ј.Т.(20) и А.Т.(21) сите од Тетово бидејќи кај нив била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 04.07.2020 во 07.35 часот во СВР Тетово било пријавено дека при изведување на градежни работи во с. Желино,тетовско од скеле паднал Р.А.(57) од с.Глоѓи и истиот починал на самото место што било констатирана од доктор од итна медицинска помош Тетово. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Тетово.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет